+ 389 02 2039-206
078 278 949
www.filos.com.mk
School of Foreign Languages

Accredited by EAQUALS*

**DOOEL F I L O S - Skopje**
**Ul. Mile Pop Jordanov br.72; 1000 Skopje**
**tel. 078 27 89 49**
**www.filos.com.mk**

Филос ДООЕЛ експорт импорт училиштето за странски јазици беше евалуирано од страна на Eaquals ,во 2023 година и ги исполни високите стандарди кои се потребни за акредитација од страна на Eaquals. Наставата, курсевите,програмите,како и организацијата на курсот, ресурсите за учење, тестирањето и евалуацијата беа оценети со висок квалитет. Утврдено е дека институцијата води голема грижа за заштита на благосостојбата на своите клиенти и персоналот. Воедно, утврдено е дека сите сите материјали произведени од институцијата се точни, прецизни и вистинити.

**Инспекторите идентификуваа точки на извонредност во следниве категории:**

***Менаџмент и администрација***

Во училиштето за странски јазици Филос, управувањето со ризик и редовните контроли се изведуваат стратешки, но и на високо проактивен и сеопфатен начин. Постојат наведена политика и докази на корпоративна и општествена одговорност, како и етички пристап, кој е евидентен во начинот на кој училиштето нуди бесплатни часови на редовна основа за да се обезбеди успешен исход во извршувањето на училишните испити/тестови.

We prepare for
Cambridge
English Qualifications

*Школото за странски јазици ФИЛОС е полноправен член на:*

СОЈУЗ НА СТОПАНСКИ КОМОРИ НА МАКЕДОНИ
ВОДЕЧКА МАКЕДОНСКА ДЕЛОВНА МРЕЖА

***Обезбедување на квалитет***

Начинот на кој се обезбедува квалитет е одличен поради сеопфатната политика и процедури кои обезбедуваат рамка за утврдување и прегледување на целите за квалитет, воедно обезбедувајќи образец каде се решаваат сите несообразности. Областите каде што е потребно е подобрување се идентификуваат, навремено се анализираат и се преземаат корективни мерки.

***Комуникација со студенти и клиенти***

Наставниците честопати користат повеќе начини и алатки за комуникација со родителите и ги информираат за напредок на ученикот. Со ова, на родителите/старателите им се нуди можност да ги посочат сите точки на загриженост или пофалби. Постојат докази дека постојат високо проактивни системи за да се осигура дека редовно се преземаат активности онаму каде што е потребно, за да се поправат ситуациите што довеле до поплаки или загриженост кои биле забележани во повратните информации добиени од учениците.

***Студентски услуги***

Училиштето е исклучително фокусирано на клиентите и тоа може да се види во многу области: сите поплаки на учениците и родителите се документираат, се анализираат, се преземаат активности и се води нивна евиденција, наставниците го прилагодуваат распоредот на потребите на учениците, намалувањето на партиципација во случај на болест на ученикот, грижата на наставниците за ученикот резултира со одлични постигнати резултати во редовното училиште и помагање да постигнат истите, дополнителни бесплатни часови во случај на ученици со посебни

потреби, како и бесплатни курсеви за студенти кои не можат да си го дозволат тоа. Исклучително се внимава да им се помогне на учениците, особено на младите ученици да бидат безбедни во секое време. На пример, сите наставници подлежат на редовна задолжителна двогодишна здравствена проверка. Исто така, прецизно е дефинирана училишната регулатива за однесувањето на наставниците кои работат со многу мали ученици; наставниците се обврзани да останат со малите деца додека тие не бидат преземени од нивните родители, а особено се грижат за безбедноста во училиштата кои имаат директен пристап на улица. Има одлична програма за слободно време со настани планирање од училиштето како што се филмови, претстави, изложби или пак пица-вечера во градот со родителите и учениците на крајот на учебната година за да се прослави успешно завршената година.

***Услови за вработување на персоналот***

Институцијата има многу јасен систем на градација на плата, исплатата е редовнана, финансира за патување до и од работа, но исто така обезбедува и дополнително приватно здравствено осигурување за персоналот кој е во училиштето десет години или подолго.

Ангела Сињорастри
директор за акредитација